ГРАД СКОПЈЕ
СЕКРЕТАР

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-1110/0

Бул. Илинден 82
1000 Скопје
www.skopje.gov.mk

тел: 02/ 3 297 281

Наш број: 09-574/1
21.01.2022
Скопје

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/2019, 14/2020 и 215/2021), Секретарот на Град Скопје, донесе

**О Д Л У К А**
за избор на кандидат по интерен оглас

1.По интерен оглас бр.13/2021 за пополнување на работно место со унапредување, за извршител на работното место УПР0101Б03000 Помошник раководител на Сектор за даноци на имот и комунални такси, Сектор за даноци на имот и комунални такси се избира кандидатот **Ана Лакордова.**
2.Именуваната ќе биде унапредена на работното место од претходната точка, по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе решение за унапредување.

**О б р а з л о ж е н и е**

На ден 30.12.2021 година на интернет страницата на Град Скопје и Агенцијата за администрација, Град Скопје објави интерен оглас бр.13/2021 за пополнување работно место со унапредување.

Комисијата за селекција за унапредување, формирана со Решение на Секретарот на Град Скопје бр.09-374/1 од 17.01.2022 година ја спроведе административната селекција и по спроведеното интервју со Секретарот на Град Скопје, изготви Финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат, во којашто за работното место УПР0101Б03000 Помошник раководител на Сектор за даноци на имот и комунални такси, Сектор за даноци на имот и комунални такси предложи Секретарот на Град Скопје да го избере кандидатот Ана Лакордова.

Врз основа на горенаведеното, Секретарот на Град Скопје изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право во рок од 8 дена да поднесе жалба до Агенцијата за администрација.

**ДОСТАВЕНО ДО:**
- Избраниот кандидат.
- Секторот за управување со човечки ресурси.
- Архивата.

**Град Скопје**
**Секретар**

**Ѓоко Велковски**